РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-270/13
11.09.2024 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН " ДООЕЛ Скопје.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 295 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН " ДООЕЛ Скопје, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-270/8 од 01.07.2024 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 0801-53/4 од 04.04.2023 година, изработен од Друштво за катастарски и други геодетски услуги „Гео Мрежа" ДОО Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат издадено од Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка под бр. 1110-15/2023 од 04.04.2023 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 03-169/24 од мај 2024 година, извршен од Друштво за градежништво, трговија и услуги „НИМАЕР" Благоја ДООЕЛ Струга.

Образложение

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам број на постапка 59665, заведено под број 22-270/1 од 15.02.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН " ДООЕЛ Скопје.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, бр. 22-270/8 од 01.07.2024 година, со предвидена класа на намена:

- Е1.9- подземен телекомуникациски вод и телекомуникациска антена

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- Е1.9- подземен телекомуникациски вод и телекомуникациска антена согласно Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ" бр.225/20 и 219/21).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ" бр.225/20 и 219/21) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2024.09.11 09:29:23 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

BORCHE SPASOVSKI
Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2024.09.11 09:30:59 +02'00'